**ЗАПИСНИК**
**од 25-та (ЈАВНА) седница на Советот**
**одржана на 29.12.2009 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, Илир Ајдини, проф. д-р Томе Груевски, Панче Наумов, Фарук Омерагиќ, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.
**Отсутни:** акад. Али Алиу (најавено отсуство) и акад. Бојан Шоптрајанов (најавено отсуство).
**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Горан Радуновиќ, Борче Маневски, Магдалена Давидовска – Довлева и Хари Митрикески – Клекачкоски.
**Други присутни: /**

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи под точката "Разно" да се додадат следните точки: "Извештај за учеството на 61-та средба на правниците, одржана во Охрид, од 5-ти до 7-ми ноември 2009 година, на тема "правото на сопственост и заштитата" и "Информација во врска со Работилницата одржана на 12.11.2009 година во Апелациониот суд Скопје, по повод посетата на експертот по прекршочна област Нуса Орел, од Република Словенија, на тема Прекршоци - нормативa и искуства".

Предлозите беа прифатени од страна на членовите на Советот, при што за седницата беше утврден следниот:

**Д н е в е н  р е д**

1. Предлог-Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година.
2. Предлог-финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-година.
3. Предлог-План за јавни набавки на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-та година.
4. Разно.

**Точка 1**
Советот ја разгледа предложената Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година и донесе заклучок да се усвои предложената Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-та година.

**Точка 2**
Во врска со предложениот Финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-година, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои Годишниот финансиски план на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-та година.

**Точка 3**
Во врска со предложениот План за јавни набавки на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-та година, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои предложениот План за јавни набавки на Советот за радиодифузија на РМ за 2010-та година.

**Точка 4**

Разно.

- Советот го разгледа предложениот Извештај за учеството на 61-та средба на правниците, одржана во Охрид, од 5-ти до 7-ми ноември 2009 година, на тема “правото на сопственост и заштитата” и донесе заклучок да се усвои предложениот Извештај за учеството на 61-та средба на правниците, одржана во Охрид, од 5-ти до 7-ми ноември 2009 година, на тема “правото на сопственост и заштитата”.
- Советот ја разгледа предложената Информација во врска со Работилницата одржана на 12.11.2009 година во Апелациониот суд Скопје, по повод посетата на експертот по прекршочна област Нуса Орел, од Република Словенија, на тема Прекршоци - норматива и искуства и донесе заклучок да се усвои предложената Информација во врска со Работилницата одржана на 12.11.2009 година во Апелациониот суд Скопје, по повод посетата на експертот по прекршочна област Нуса Орел, од Република Словенија, на тема Прекршоци - норматива и искуства.

Бр. 02-121/2
25.01.2010 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ